# студентско ехо



**БРОЈ 23, СЕПТЕМВРИ 2023**
**БЕСПЛАТЕН ПРИМЕРОК**

УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ



## СОДРЖИНА:


4. ГОВОРОТ НА СТУДЕНТОТ БОЖИДАР ДОНЕВСКИ ГИ РАЗБРАНУВА ДУХОВИТЕ
6. ВНАТРЕШНАТА МОТИВАЦИЈА КАКО ГЛАВЕН ФАКТОР ЗА УСПЕХ
8. МЛАДИ, МИГРАЦИИ И ОБРАЗОВАНИЕ
9. СЛОБОДА НА МЕДИУМИТЕ
10. НОВИНАРСТВО ЗА НОВАТА ГЕНЕРАЦИЈА
11. УЛОГА НА СУДОВИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА
13. САРА ДЕНКОВА ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА УНИВЕРЗИТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ НА УГД
14. УГД ИЗБРА НОВИ ПРОРЕКТОРИ
16. ВРАБОТЕНИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ОСНОВАА СИНДИКАТ
18. ВОЈНАТА ВО УКРАИНА ЈА МЕНУВА ГЛОБАЛНАТА ГЕОПОЛИТИКА
19. НАСТАВНИКОТ И КРЕАТИВНОСТА
20. ИНТЕРВЈУ ПОРТРЕТ СО ПРОФ. ДР. АНДОН МАЈХОШЕВ: МЕДИУМИТЕ ВО ШТИП (И) СТОРИЈА НА ПОДЕМИ И ПАДОВИ
22. ТИКВЕШКИ ГРОЗДОБЕР
23. ПОЛИГОН КРИВОЛАК - МОДЕРНА ВОЕНА БАЗА НА НАТО ВО МАКЕДОНИЈА
24. ''ПЕСНАТА Е МОЈОТ ЖИВОТ, ЖИВЕАМ ЗА НЕА И ПРЕКУ НЕА'' НИКОЛА БАДЕВ
26. ДЕЛОТО НА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ
28. МУЗЕЈСКА ТИШИНА ВО ТИВКИОТ ГРАД МДИНА
29. ШТРКОТ КАКО ТЕМА
30. БРЕНДИРАЊЕ НА ГРАДОВИТЕ: СЛУЧАЈ БАРСЕЛОНА
31. ИСАРОТ - УБАВА ТУРИСТИЧКА ПРИКАЗНА


## ИМПРЕСУМ:


**„Студентско ехо“ 23**

**Студентско списание**
**Катедра по новинарство и односи со јавноста**
**Правен факултет – Универзитет „Гоце Делчев“**
**Првиот број на списанието излезе во декември 2011 година (основач на списанието е проф.др. Сузана Џамтоска – Здравковска со студентската генерација 2010-2011)**

**Главен и одговорен уредник:**
**проф. д-р Андон Мајхошев**

**Графички уредник и фотографија:**
**Александар Максимов**

Списанието излегува четири пати во текот на една студиска година и бесплатно се дистрибуира во сите наставни центри на Универзитетот. Целокупниот тираж е овозможен од Студентскиот парламент на Универзитетот и е бесплатен за сите читатели.

Контакт адреса:
studentskoeho@gmail.com
facebook.com/studentskoeho

## ГОВОРОТ НА СТУДЕНТОТ
# БОЖИДАР ДОНЕВСКИ
## ГИ РАЗБРАНУВА ДУХОВИТЕ

**Оваа година Ораторските натпревари добија нова натпреварувачка физиономија. Натпреварувањето се одвиваше во три категории. Организаторот на натпреварувањето ораторскиот клуб РОСТА ВЕТЕРА одлучи оваа година да бидат прогласени победници во три категории и тоа: 1) од стручно жири; 2) од публиката и 3) категоријата средношколци.**

Стручното жири за најдобар оратор го прогласи Божидар Доневски за неговиот говор „Земјата плаче“, во кој тој зборуваше за поврзаноста на човекот и природата преку сцена од сон каде говорникот е во улога на индијански поглавица и упати пораки за чување на планетата Земја. Инаку, Божидар Доневски, студентот на 4-та година на Студиската програма Медиумски студии и односи со јавноста на Правниот факултет при УГД. Неговиот говор беше адаптација на Писмото на поглавицата Сиетл, кое содржи силни еколошки пораки. Инспиративниот и фасцинантно изведениот победнички говор на Доневски предизвика огромен интерес кај присутните, но и пошироката јавност во Републиката.



За победничка од публиката, пак, беше прогласена Ивона Тодорова од средното училиште „Ѓупчо Сантов“ во Кочани за нејзиниот говор насловен „Солзите на мајките“. Настапот на средношколката предизвика силни емоции кај присутните, а кај многу од присутните во салата можеа да се забележат и солзи.

За најдобар оратор – средношколец од стручното жири беше прогласена Даница Левкова, која имаше говор насловен „Народе, ќе нè биде ли?“,

Ораторските вечери се одржаа во салата на мултимедијалниот центар на УГД која беше исполнета до последно место. Ораторските натпревари секоја година предизвикуваат голем интерес во јавноста. Многу медиуми го проследија настанот.





Ораторите, освен убавината на говорењето, тие испратија и важни пораки до донесувачите на одлуки во општеството од кои бараат надлежните институции да преземат соодветни мерки во однос на искажаните проблеми. Во говорите се слушна гневот на младите за состојбите во општеството, меѓутоа слушнавте и пораки за зачувување на животната средина, слушнавте лични инспиративни приказни каде лично се засегнати младите оратори. Покрај плакетите за победниците, сите учесници добија и парична награда во износ од 12.000 денари, додека победникот од публиката доби награда од Фондацијата за развој на локалната заедница. На победниците им честитаме, а на останатите учесници поголем успех во идните натпреварувања. Секако голема заслуга за успешното организирање на ова натпреварување има и Правниот факултет при Универзитетот "Гоце Делчев", кој и овој пат се покажа како одличен домаќин и организатор.





БОЖИДАР ДОНЕВСКИ

# ВНАТРЕШНАТА МОТИВАЦИЈА КАКО ГЛАВЕН ФАКТОР ЗА УСПЕХ



**Мотивацијата е многу битен фактор за успех на секој човек. Таа произлегува од психолошката конструкција на самата личност и желбата за личен успех, но и од надворешни влијанија врз поединецот. Мотивацијата може да се опише и како нечија насока кон активностите или она што предизвикува личноста да сака повторно да го повтори своето однесување и обратно. Повеќето концепти на мотивација укажуваат на овие грижи со тоа што ја гледаат мотивацијата како унитарен тренд, кој се разликува од многу мала мотивација да се дејствува во голема мера. Мотивацијата е збор кој е дел од популарната традиција како што се неколку други психолошки концепти. Мотивацијата може да се подели на два различни концепти познати како Внатрешна (внатрешна) мотивација и Надворешна (надворешна) мотивација. Внатрешната мотивација се проучува од раните 1970-ти. Внатрешната мотивација е само-желбата да се најдат нови работи и нови предизвици, да се процени сопствениот потенцијал, да се набљудува и да се стекне знаење. Тоа е под влијание на интересот или уживањето во самата задача и постои во поединецот наместо да зависи од надворешните притисоци или желбата за награда. Надворешната мотивација се однесува на извршување на активност со цел да се добие посакуваниот исход и е спротивно на внатрешната мотивација. Надворешната мотивација доаѓа од влијанија надвор од поединецот.**

Мотивацијата исто така е клучна за подобрување на работниот учинок на вработените, кој се смета дека е производ од нивните вештини, способности и мотивацијата. Генерално кажано, вработените сакаат да бидат успешни на работното место и да бидат ценети за нивната напорна работа. Никој не сака да биде оценет како “лош работник”. Оттука, управувањето и развојот на перформансите се покажа како добра алатка и за двете страни: организацијата и вработените. Перформансите се мерка и показател за нивото на знаења и вештини на вработените. Според некои тврдења, перформансот на секоја индивидуа е определен главно од три фактори: вештината - способност да се изврши работата, работната околина - алатите, матерјалите и информациите за да се изврши работата и мотивацијата - желбата да се изврши работата.

Правилната мотивација носи подобрување на економските постигнувања на претпријатијата. Ефективната мотивација значи подобри односи, подобро искористување на ресурсите, зголемена продуктивност, редуцирање на недорабирања и конфликти и нивно подобро разрешување, зголемена доверба на клиенти, соработици и вработени во компанијата. Тимовите претставуваат клуч за успех на организациското извршување и извор на конкурентска предност. Оттаму, од исклучително големо значење е сè повеќе организации да ги осознаат предностите на тимската работа како еден од начините за унапредување на извршувањето, зголемена ефективност и ефикасност во работењето, како и постигнување на подобри резултати во работењето. Накратко кажано, правилна мотивација на членовите на тимот ја зголемува конкурентната предност на компанијата, правејќи ја компанијата подостапна, поискрена и поотворена за своите клиенти и попривлечна за постоечките и потенцијалните вработени. Заради тоа, несомнено е значењето на постојано анализирање и унапредување на мотивацијата во тимското работење. Менаџерите треба да знаат да ги препознаат и да ги применат соодветните мотиви кои ќе ги придвижат членовите на тимот на акција, при што ќе ги обединат знаењата и вештините на различните членови на тимот и ќе се создаде поголем ефект наспроти поединечниот ефект на членовите, т.е. ќе се оствари позитивна синергија.





# МЛАДИ, МИГРАЦИИ И ОБРАЗОВАНИЕ

**Многу млади во Македонија по завршување на средното образование ја напуштаат земјата и го продолжуваат своето високо образование во други држави.**

Информативниот центар за студирање во странство и кариера / ИЦССК / е место каде што сите заинтересирани може да ги добијат потребните информации за студирање во странство: начин на аплицирање, потребна документација, процес на апликација, начин за добивање на стипендии за додипломски, мастер и докторски студии. Преку разговор со кариерен советник секој може да добие кариерно насочување преку соодветни тестови прилагодени на возраста  и интересите. ИЦССК организира работилници на платформата Zoom. Едноставно на младите им го нуди светот на дланка.  Студирањето во странство, за студентите  претставува една животна авантура, но и можност да се поврзат со други култури и да го збогатат своето CV. Младите, водени од желбата за отворање  на перспективи, користејќи  државни стипендии , но и со приватни средства заминуваат во други држави за да студираат, а по завршување на студиите  и да се вработат во странство. Најголем губитник од оваа состојба е нашата држава, затоа што вложувала огромни финансиски ресурси во тие млади луѓе. Според податоците на Фондот за здравствено осигурување во 2022 година биле издадени вкупно 1.533 потврди за студенти, од кои 1.211 за оние што заминуваат во Словенија, 77 за Германија, 43 за Италија, 37 за Турција, 35 за Србија, 34 за Хрватска, 27 за Бугарија, 19 за Австрија... Државниот завод за статистика дава податоци дека во академската 2021/2022 година, на домашните универзитети се запишани 1.600 студенти помалку од претходните години. Како причини за недовербата во домашните универзитети се споменуваат: лошиот меѓународен рејтинг, скандалите со лажни дипломи, заложбите за подобрување на образовниот статус само на хартија, неквалитетното образование и невреднување на нивниот труд. Според спроведено истражување на новинската агенција Мета.мк, има студенти кои што без да учат ги купуваат дипломите и магистерските трудови, секако со чест на исклучоци кои што квалитетно и студиозно ги завршуваат своите студии. Според нивните извршени анализи над 13.413 огласи за купо-продажба на дипломски и магистерски тези биле активни на страниците за е-трговија. За оваа состојба постојано алармираат граѓанското општество и експертите за образование, затоа што на овој начин се деградира образованието. Иако интересот на младите да студираат во странство е голем, според Институтот за комуникациски студии, Македонија се соочува со хиперпродукција на универзитети и факултети, како и голем број на дипломи во сите циклуси на високото образование. Професорот Страшко Стојановски од Правниот факултет при УГД Штип, во својот труд „Млади, миграции и образование” од 2020 година, посебно го нагласува трендот на миграција на младите категории на население, каде што образованието е движечки фактор, особено на секундарно и терцијарно ниво, на возраст од 15- 25 години. Тој во своето истражување како причина за миграција во РМ ги нагласува: политичката нестабилност, лошата економска политика, војните, а како примарен фактор, високиот степен на невработеност и сиромаштија. Најголем дел од младите, подобриот живот во другите земји го гледаат низ призмата за подобро образование, напредок во кариерата и поголема можност за вработување. Од реализираните анкетни прашалници  на млади до 35 години / средношколци и студенти /, констатирал дека примарен фактор поради кој младите ја напуштаат државата  е лошата економска состојба. За изработка на својот труд „Млади, миграции и образование” проф др. Страшко Стојановски консултирал околу 40 извори, печатени и електронски, од домашни и странски автори. Поради тоа претставува оригинално дело кое што може да најде конкретна примена во македонскиот образовен систем, но и во едукација на студентите. Авторот успеал да ја долови суштината, значењето и решавањето на проблемот на младите, миграциите и образованието.













# СЛОБОДА НА МЕДИУМИТЕ







**Слободата на медиумите е универзална демократска вредност. Демократијата во едно општество се огледа преку остварување на степенот на слободата на медиумите. Светскиот ден на слобода на медиумите се слави секоја година на 3-ти мај. Врз основа на одлуката на генералното собрание на Обединетите нации и по препорака на Генералното собрание на УНЕСКО од 1991 година, сеодбележува светски ден на слобода на медиумите од 1993 година. Основна цел на овој ден е да се промовира принципот на слобода на медиумите, но и да се потсетиме на медиумските работници кои што за жал гги загубиле своите животи, додека совесно и професионално ја вршеле својата професионална работа. На 3-ти мај се доделува и годишната награда на УНЕСКО- ГИЉЕРМО КАНО, за слобода на медиумите. Оваа награда се доделува од 1977 година. Обично му се оддава почит на некое лице, организација или институција, кои што ја промовираат слободата на медиумите.**

Светскиот ден на слобода на медиумите, за време на пандемијата бил одбележан под мотото „ Новинарство без страв и пристрасност". Генераниот секретар на Обединетите нации, Антонио Гутереш, во видео порака ја истакнал клучната улога што ја имаат медиумите,за да можат луѓето да добијат информации потребни да донесат важни одлуки во својот живот.

Тој пандемијата од Covid-19 ја споредил со пандемија од дезинформации.

Според него, медиумите се многу важен фактор за да се обезбеди против отров, а тоа се проверени и точни информации и анализи засновани врз факти. Тој апелира до сите влади да ја заштитат слободата на медиумите.Секако дека тоа се однесува и за владата на Република Македонија.

Европската унија предупредува за пад на слободата на медиумите насекаде во светот. Ова предупредување важи и за нашата земја.

Новинарите и медиумските професионалци имаат суштинска улога во едно општество. Тие мораат да копаат длабоко под површината, за да ја откријат вистината,да го привлечат вниманието и да поттикнат промени. Со одговорно известување новинарите може да спречат ширење на лажни вести и страв кај луѓето

Секогаш пред слободата на медиумите се наметнува одредена моќ која што сака да ја ограничи таа слобода. Но, слободата на медиумите е вечен процес и вечна борба помеѓу слободата, демократијата и власта.

Тоа значи дека слободата на медиумите е процес кој што постојано се развива и усовршува.

Според резултатите од француските експерти од Организацијата „ Reporters without borders " / Репортери без граници/, македонските новинари се соочувале со самоцензура, што е неприфатливо за земја-кандидат за членство во Европската унија.

Француските експерти констатирале дека Македонија е далеку од слобода на говорот и слобода на медиумите прифатливи од Европското општество / izvor: ai da-europe.eu /.

Но секако дека секогаш има место за напредок.









БОЖИДАР ДОНЕВСКИ



# НОВИНАРСТВО ЗА НОВАТА ГЕНЕРАЦИЈА

**Професионалното новинарство е лек за дезинформации. Тоа значи да се почитува правилото за медиумска писменост ,, Гледај, читај, слушај, но проверувај и мисли со своја глава". Медиумската писменост е способност за правилен пристап, анализа, евалуација и продукција на медиумски содржини.**

Јас, како студент на Правен факултет при УГД Штип, Медиумски студии и односи со јавност, учествував на четвртата обука, која што се одржа од 24-26.05.2023 година во градот под Исарот- Штип. Младите од источниот и североисточниот регион на земјата, на возраст до 29 години имаа можност да аплицираат за учество на оваа обука и да ги збогатат своите знаења од областа на – Дезинформации и проверка на факти.

Проектниот координатор од фондацијата ,, Метаморфозис", дипломираниот новинар Горан Ризаов и добитник на награда за истражувачко новинарство ,,Никола Младенов" во 2015 година, професионално и посветено ја координираше работата на едукаторите и партиципиентите за време на спроведувањето на обуката.

Посебно ме фасцинираше големината, едноставноста и непосредноста на еминентниот едукатор , Џон Гринберг од САД, дописник на ,,Politifact", кој што бил два пати добитник на награди од здружението на професионални новинари за истражувачко новинарство. Тој во 2012 година бил дел од тимот, за време на претседателските избори и еден од проверувачите на факти кои што го основале ,,Pundit fact" во 2013 година. Тоа бил проект посветен за проверка на точност на тврдења на експерти, колумнисти, политички аналитичари, водители и гости на ток-шоуа. Му благодарам за неговата трпеливост и желбата да ни ги пренесе своите знаења и искуства од областа на професионалното новинарство.

Уредникот на ,,Вистиномер", Владимир Петрески и заменик главен уредник на ,,Мета.мк,Мери Јордановска, новинари со долгогодишно новинарско искуство, на многу професионален начин го споија искуството и мудроста со младоста и како едукатори ни помогнаа да бидеме посамоуверени во исполнување на работните задачи во врска со дезинформациите и проверката на факти. Едноставно обуката беше спроведена во една пријателска и релаксирана атмосфера.

Последниот ден од обуката , на учесниците им беа доделени сертификати за учество и успешно завршена обука ,,Дезинформации и проверка на факти".

Најдобрите учесници од спроведените четири обуки во Македонија, ќе имаат можност за практиканство во медиумите на ,,Метаморфозис"- Мета, Порталб или Вистиномер. Двајца ќе имаат можност да поминат еднонеделна студиска посета во САД.

На спроведените обуки, на младите им беше дадена можност да се запознаат со вештини за висококвалитетно известување, со тоа што со користење на точни податоци и потврдени факти, како и со правилна примена на дигитални алатки ќе може да комуницираат и да разменуваат идеи со колеги од целиот свет.

International Center for Journalists

ICFJ International Center for Journalists








# УЛОГА НА СУДОВИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

Меѓународен ден за борба против корупција и криминал е 9-ти Декември. Во 2003 година е потпишана Конвенцијата на ОН за борба против корупција.

Сите ние сме загрижени за проблемите што ги предизвикува корупцијата и другите форми на криминал како што се организираниот и економскиот криминал и перењето на пари.

Незаконското лично богатење им штети на демократските институции, на националната економија и на правната држава.

Со Законот за спречување на корупција и судир на интереси се нудат решенија за зајакнување на системот за превенција на корупцијата со ставање на посебен акцент на Државната комисија за спречување на корупцијата.

ОБСЕ / Организација за безбедност и соработка на Европа/ има за цел да продолжи да помага на 57 земји учеснички во борбата против неказнивоста, а со цел да се елиминира корупцијата и криминалот.

Тоа значи дека националните судови би требало да имаат клучна улога, а со цел да се спроведуваат ефикасни и ефективни истраги и судења.

Општа слика за состојбата со корупција и криминал во Македонија е добиена врз основа на две анкети со вредности од 1 до 10 и размислувања во врска со:

- Актуелно искуство
- Ставови за корупција
- Перцепции за корупцијата

Корупцијата е рангирана како петти најголем проблем во државата, како 27,9%,после невработеноста, сиромаштијата, ниски примања и високи цени.

Македонскиот центар за меѓународна соработка изготвила извештај за проценка на корупција како дел од програмата на USAID / Меѓународна агенција за развој во светот/.

Биле откриени следните кривични дела во периодот од 2001-2010 година, со тенденција за намалување на бројот на кривичните дела:Фалсификување на пари според чл.268 од Кривичниот законик, Примање поткуп според чл.357, Давање поткуп според чл.358, Злосторничко здружување според чл.394, Трговија со луѓе според чл.418 А, Криумчарење на мигранти според чл.418 Б, Трговија со малолетни лица според чл.418 Г.










ПРОЕКТ ВИСТИНОМЕР

Во рамките на проектот ,,Вистиномер", кој што бил поддржан од Фондацијата за отворено општество во Македонија е изработен документ за јавни политики ,,Реформи во правосудството, јавната администрација и борба против корупција и криминал ".

Овој проект траел од 01.07-2018 до 31.12.2018.

Анализите покажале дека во нашата земја се сменети или се менуваат закони, но нивната имплементација не покажала резултат на ,,краток рок"

Сепак претставува добра стартна основа за поширока дебата , која што треба да донесе квалитетни законски решенија и интервенција во врска со организираниот криминал и корупција.

Пред дваесет години во Македонија била донесена Државна програма за борба против корупција и криминал, со забелешка дека треба да се направат четиринаесет законски измени, а со нагласување дека најслаби точки има во Јавното обвинителство.Основно мото кога ја донеле програмата било ,, Провалијата не смее да се прескокне на два пати ".

За жал, нашата земја е најлошо рангирана досега на индексот за корупција на ,,Транспаренси интернешнл ", со пад од пет места, на 111-то место.

Американската амбасадорка , Ангела Агелери, на средбата со вицепремиерот Артан Груби го кажала предлогот за ветинг што треба да ги опфати политичките личности,судиите и јавните обвинители како форма на борба против криминал и корупција.

Ако сакаме стабилна и правна држава , мора да имаме доверба во институциите.

Универзитетско студентско собрание
при Универзитет "Гоце Делчев" - Штип



# САРА ДЕНКОВА

ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА УНИВЕРЗИТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ НА УГД

**Универзитетското студентско собрание избра ново раководство, Сара Денкова е новата претседателка. Сара е студентка на Факултетот за Медицински науки.**

ИГОР ТАСЕВСКИ

# УГД избра нови Проректори







**Сенатот на Универзитетот "Гоце Делчев" избра два нови проректори. На 229-та седница на Ректорската управа на УГД-Штип одржана на ден 04.07.2023 година, на предлог на Ректорот проф. д-р Дејан Мираковски едногласно се избрани проректор за меѓународна соработка и проректор за развој и инвестиции на Универзитетот.**



**Проф. д-р Ана Никодновска-Крстевска**, е избрана за проректор за меѓународна соработка. Таа е вонреден професор на Правниот факултет, при Катедрата за меѓународни односи и европско право. Покрај придонесот за научниот и академски развој на единицата при Универзитетот, професорката Никодиновска-Крстевска активно спроведува активности на полето на интернационализација на Универзитетот и неговото вмрежување со други универзитети и организации. Од неа се очекува уште повеќе да зајакне меѓународната соработка на УГД со други универзитети од Европа и светот.

**Универзитет Гоце Делчев**

**Проф. д-р Дарко Лазаров** кој е избран за проректор за развој и инвестиции, е вонреден професор на Економскиот факултет при УГД, а воедно е член на Собранието на Стопанската комора на Северна Македонија и претседател на Клубот на извозници при Комората. Паралелно со својата професорска кариера, проф. д-р Дарко Лазаров исклучително професионално се етаблира и во бизнис делувањето. Истовремено работи на повеќе анализи, истражувања и поддршка на иновативни вложувања во компаниите со цел поттикнување на техничко технолошкиот процес во македонските компании и со тоа зголемување на конкурентноста на домашниот производ на странските пазари. Неговите заслуги се особено видливи во зацврстувањето на врската помеѓу образованието, науката и бизнисот и се насочени кон создавање основа за продлабочување и интензивирање на соработката на Универзитетот со бизнис заедницата со крајна цел зголемување на конкурентноста на бизнис секторот и подобрување на трансферот на знаења кон стопанството и општеството.

# ВРАБОТЕНИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ОСНОВАА СИНДИКАТ

**Една деценија по зачетокот на иницијативата за формирање на синдикална организација на Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип, професорите на Правниот факултет во соработка со професорите, асистентите, вработените во универзитетската администрација и техничкиот персонал при Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип, конечно ја реализираа идејата.**

На основачкото собрание, одржано на 04.04.2023 година, формиран е синдикатот (СУГД) како независен синдикат кој организациско не е поврзан со ниту еден повисок облик на синдикално организирање и здружување. На основачкото собрание беа избрани Претседател на синдикалната организација и раководните тела на организацијата како што се Советот, Надзорниот одбор и Статутарната комисија.



Беа утврдени принципите на дејствувањето на СУГД, помеѓу кои се независност и самостојност во однос на власта, работодавачот, политичките партии и верските заедници, како и целите на синдикалната организација. Како основна цел се истакнува заштитата и унапредување на правата од работен однос на членовите на синдикатот и вработените, како и потпишување на Колективен договор на ниво на работодавач-Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип.

По конституирањето на СУГД, раководството достави барање до Сенатот и Ректорската управа за добивање репрезентативен статус. Сенатот на Универзитетот ,,Гоце Делчев" во Штип, на седницата одржана на ден 04.07.2023 година, го усвои барањето на СУГД и му го призна правото на репрезентативен синдикат, со што формално правно му е овозможено на СУГД да отпочне и води преговори кои имаат за цел усогласување на ставовите и потпишување на Колективен договор на ниво на работодавач.

Во СУГД засега се зачленети 150 членови, при што од страна на сите членови се спроведуваат активности во насока на зголемување на бројот на членството преку информирање на заинтересираните со потребата од синдикално организирање, програмските цели на СУГД, мисијата и визијата, процесот на зачленување, постапката на регистрирање на Синдикатот, статусот на СУГД во однос на другите синдикати, и останати прашања и иницијативи од значење за членовите.

СУГД е регистриран во Регистарот на синдикати кој се води во надлежното Министерство за труд и социјална политика и има правен легитимитет.

Следна активност на СУГД е да започне преговори со основачот на УГД-Собранието на Република Северна Македонија за склучување на Колективен договор со кој ќе се подобрат условите за работа на сите вработени во институцијата. Деновиве СУГД заедно со Барањето за преговори ќе биде доставен Предлог-текстот на Колективниот договор, кој е подготвен од професори на Правниот факултет на УГД.

СУГД





БОЖИДАР ДОНЕВСКИ

# ВОЈНАТА ВО УКРАИНА ЈА МЕНУВА ГЛОБАЛНАТА ГЕОПОЛИТИКА

Многу историчари веруваат дека војната започнува долго време пред објавувањето. Војната во политичките науки е дефинирана како организирана вооружена борба помеѓу нациите и држави. Според Карл фон Клаузевиц војната е продолжение на политиката со други средства.
Секоја од завојуваните страни се стреми кон моќта на оружјето. Со тоа се нанесуваат деструктивни удари од кои најмногу страда човечкиот и материјалниот потенцијал.
Војната претставува инструмент на политиката, но и продолжување со насилни методи.
Политиката го одредува фокусот на државите во војна.
Украина и Русија делат заедничко историско наследство кое што за жал колку ги поврзува, толку и ги дели. Оваа приказна започнала во 9-ти век со Киев, главен град на денешна Украина.
Всушност, Русија и Украина настанале од Киевска Русија.










# ВОЈНА Е УЖАСЕН ЗБОР

Постои мислење дека Украинците ги мразат не само Русите, туки и нивните сопствени роднини во Русија. „Ние сакаме во Европа" – велат Украинците. Денес можеме да го набљудуваме феноменот во Украина.
Според познатиот филозоф Илина, војната претставува шок и духовен тест на луѓето. Познатиот филозоф се прашува - „ Зошто луѓето треба да доживеат војна, кога и во мирно време може етички да се тестираат и да поработат на самите себе".

Инвазијата на Русија во Украина има големо влијание врз глобалната геополитика.
Кина, Јапонија, Швајцарија, Израел и Турција , почнуваат да ги прилагодуваат своите надворешно политички позиции, а имајќи ги во предвид настаните во Украина.

КИНА
Пекинг порано во секој поглед ја поддржувал Москва.
Но, на 5-ти Март, украинскиот министер за надворешни работи, Дмитро Кулеба, објавил дека добил гаранции за тоа дека Кина е заинтересирана за да стави крај на оваа бесмислена војна. За британскиот „Фајненшл тајмс", тоа претставува стратегија на „проруска неутралност."

ЈАПОНИЈА
Токио одлучил да направи напори за враќање на северните територии кои сега и припаѓале на Русија. Се работи за Курилските острови кои што јапонскиот премиер Фумио Кишида, ги нарекол „ исконски јапонски територии", а кои што биле предмет на несогласување меѓу Јапонија и Русија со децении.

ШВАЈЦАРИЈА
Иако со години неутралноста како принцип на надворешната политика била вкоренета во историјата и културата на Швајцарија, сега таа завзема јасен став да му се придружи на запад.

ИЗРАЕЛ И ТУРЦИЈА
Некогашните ривали за време на конфликтот со бродот „Мави Мармара" – Сина Мармара, за време на руската агресија имаат тенденција да се спојат. Ова зближување е резултат на тоа што Израел се смета за сојузник на САД во регионот. Исто така и Турција има долгогодишни сојузнички односи .

АПЕЛ ЗА МИР ВО СВЕТОТ
Војната , во политичките науки е дефинирана како организирана вооружена борба меѓу нациите и државите. Секоја војна е придружена со страдање, илјадници уништени животи,убиени, измачувани во камповите за луѓе,осакатени човечки судбини. Војната е пад на човечкиот дух и голема трагедија за човештвото. Војната е УЖАС. Со тоа би се согласил секој разумен човек на земјината топка.
ЗАТОА ДА МУ ДАДЕМЕ ШАНСА НА МИРОТ !



# НАСТАВНИКОТ И КРЕАТИВНОСТА



Постојат различни теории за начините на кои наставникот и воспитувачот можат да дејствуваат врз развојот на креативната способност на детето. Според натуралистичките теории процесот треба да се одвива што е можно поприродно, а улогата на воспитувачот е да биде само негувател (градинар), да ја храни детската креативност и да ја чува од штетни влијанија. Според интервенционистичките теории, улогата на градинар, не е доволна зашто е неопходно во потребниот момент да се дејствува, модификува, гради и надградува. Значи воспитувачот треба да има улога и на "лекар". Електичките теории, пак, истакнуваат дека, во зависност од конкретниот случај и момент, воспитувачот може да се однесува или на едниот или на другиот начин- само да го насочува и негува она што веќе постои, или пак, врз тоа акивно да интервенира- да ги пренасочува и менува.

Без оглед на тоа кој од овие пристапи ќе го заземе, постојат голем број активности што воспитувачот може да ги врши, со цел да ја поттикне општата креативна компетентност на децата.

Пред се, тоа е развојот на творечката перцепција. Усовршената способност за набљудување и восприемање е неопходна за секој вид креативна работа. Наставникот може да ги учи децата да ја набљудуваат околината пасивно или пак, активно. Во првиотр случај, токму наставникот ја има директивната улога- тој не само што ги посочува феномените што ќе бидат набљудувани, туку и ги опишува, и тоа на изразит субјективен начин, онака како што самиот ги перцепира. Притоа, неговата основна тенденција е да биде што е можно пореален, пообкективен, значи и постандарден. Токму заради тоа, таквата перцепција е некреативна, еднонасочна и конвергентна, при што на детето однапред му ги сугерира можните начини на гледање и воопшто, восприемање.

Наполно е спротивен вториот случај, кога детето е поттикнувано активно да ја набљудува околината, самостојно да ја истражува реалноста и да го обликува своето перцептивно искуство, независно од искуството што за истите феномени го имаат другите. Во тој случај воспитувачот постојано претставува стимулатор на внатрешните механизми на детето, однесувајќи се целосно недирективно и некомпетентно. Компетентноста на перцепирањето на некој настан лежи во самиот настан, а не во некоја единка вон него, без оглед на тоа колку е таа обучена или специјализирана за тоа. Дали е небото сино, тревата зелена, а сонцето жолто? Не! Доколку ги гледаме како такви тоа е заради нашата предопределеност, а веќе е кажано дека тоа е блокада за креативното однесување.

Детето се уште не изградило предопределенсти и крути насоки па неговото перцепирање на реалноста е, според својата природа, оригинално и флексибилно. Воспитувачот не смее да го обесхрабрува во трагањето по сопствените впечатоци користејќи остри коментари и корекции. За да ги активира сите свои доживувачки потенцијали, на детето му е потребна атмосфера на нагласена поткрепа и поддршка:"Што гледаш?", "Што уште гледаш?", "На што ти личи тоа?", "На што уште ти личи"… И бидејќи тоа поседува многу ограничена експресивна способост, заради неговата лингвистичка некомпетентност, воспитувачот е должен да ги активира, не само сите доживувачки, туку и сите негови изразувачки потенцијали во вид на невербална комуникаја- интонација, насмевка, гест, мимика, пантомимика...
Развојот на творечката перцепција е мошне битен заради способноста за перцептивно мислење, која е појдовна точка во творечкиот процес. Перцептивното мислење се состои во манипулација со сензации и перцепции на објекти непосредно дадени во реалноста.

## ИНТЕРВЈУ ПОРТРЕТ СО ПРОФ. ДР. АНДОН МАЈХОШЕВ:

# Медиумите во Штип (и) сторија на подеми и падови

„Покажете почит кон новинарската професија"






**Во текот на моето студирање на Правен факултет- Медиумски студии и односи со јавност при УГД Штип, имав можност да го анализирам ликот и делото на мојот почитуван професор д-р Андон Мајхошев, затоа што тој се обиде да го извлече најдоброто од мене и едноставно веруваше во мојата креативност и талент. Посебно ме фасцинира неговата наклонетост кон педагошката дејност и желбата своето знаење да го пренесе на своите студенти. Кога дознав дека е излезена од печат неговата книга ,,Медиумите во Штип (и)сторија на подеми и падови" сватив дека тој навистина покажува огромна почит кон новинарската професија и кон новинарите. Затоа одлучив да направам интервју – портрет за мојот професор.**

**Проф.др Андон Мајхошев е роден во градот под Исарот, Штип. Тој е скромен, едноставен, непосреден, праведен , со коректен однос кон студентите и колегијален однос кон соработниците и наставничкиот кадар при УГД Штип. Проф. д-р Андон Мајхошев е успешен политиколог во областа на политичките науки, што се гледа од неговото дипломирање на Факултетот за политички науки на Универзитетот во Белград, магистерските студии од областа на политичките науки и успешната одбрана на докторатот на тема ,, Улогата на социјалните партнери на колективното преговарање во РМ за периодот од 1990-2010 година. Во 2001 година бил на едномесечен студиски престој во САД. Има објавено повеќе публикации од кои околу 80 научни трудови, 9книги и 4 учебни помагала. Посебно го почитувам затоа што стекнатите теоретски знаења успешно ги имплементирал во сферата на трудовото законодавство. Тој, со учество на многу научни проекти од областа на политичките науки својот интерес го насочил кон проучување на синдикатите, штрајковите, социјалниот дијалог, индустриските односи, мирно решавање на колективните работнички спорови како и европските тенденции во развој на трудово и социјално право.**



## Интервју

1. Б.Д - Почитуван професоре, излегувањето од печат на вашата нова книга ,,Медиумите во Штип (и)сторија на подеми и падови " , која што ќе биде промовирана на ,,Штипско културно лето 2023" е повод да го реализирам ова мое интервју – портрет со вас.

- Како се роди идејата за оваа книга, која што е хронологија на појавата, опстојувањето и развојот на медиумите во Штип, со посебен акцент на традицоналните медиуми за период од осум децении / 1945 до денес /?

1. Одговор: Идејата се роди спонтано. Добив покана да учествувам на меѓународна конференција на тема: Историја на медиумите. Се определив за темата Новинарството во работните колективи (работничко новинарство). Истражував и напишав 35 страни текст. Дојде глобалната пандемија Ковид-19 и конференцијата се откажа. Но, јас не застанав. Го проширив моето истражување и на останатите традиционални медиуми во Штип во периодот 1945-2023 година. Така, склопив материјал од над 150 страни и заедно со фотографиите книгата се зголеми на 209 страни. Истражувањето го обавив во НУ-УБ Гоце Делчев-Штип во роднокрајното одделение и по пат на интервју на новинарите и медиумските работници. Постепено го склопив целиот мозаик и така се роди книгата.

2. Б.Д - Книгата е посветена на сите новинари и медиумски работници кои што се борат за вистината и за креирање на јавното мислење.

- Дали имавте поддршка од УГД Штип, но и од професионалните новинари и медиумски работници кога им ја соопштивте идејата за книгата, затоа што за реализирање на оваа идеја, потребен е подолг период на истражување и анализа ?

2. Одговор: Не барав помош од УГД. Имав помош на индиректен начин. Самото истражување е индивидуално. Ми помогнаа новинарите од Штип кои ми дадоа непроценливи факти и докази за работата на медиумите. Ова е публикација ја пишував 18 месеци и не жалам за вложениот труд. Оставив значаен труд кој има историско значење за историскиот развој на новинарството во Штип. Оставив значајна истражувачка основа за идните генерации. Публикацијата ја посветувам на сите медиумските работници во Штип.

3. Б.Д - Колку време ви беше потребно за истражување и анализа на податоците и настаните за Медиуми во Штип, за периодот од осум децении /1945 до денес/ ?

Одговор: Истражував 12 месеци, а ја пишував шест месеци или вкупно 18 месеци. Имав силен мотив и голема желба да ја напишам оваа книга. Истражувањето беше напорно, ги анализирав добиените податоци и на крајот излезе интересно четиво. Морам да кажам за успешно да го склопам мозаикот прочитав десетина книги за историјата на Штип од кои ги црпев податоците.

4. Б.Д – Дали катедрата по новинарство на Правен факултет при УГД Штип има придонес во развојот на медиумите во Штип ?

Одговор: Катедрата во своето 14 годишно постоење даде голем придонес за развојот на медиумите и новинарството. Во овој период на Студиската програма по Медиумски студии и ОЈ се запишаа околу 100 студенти од кои околу 40 ги завршија студиите и веќе работат во медиумите во Штип, регионот и Републиката.

5. Б.Д – Почитуван професоре, вие сте одговорен уредник на студентскиот весник,,Студентско ехо", кој што е проект на студентите по новинарство и односи со јавност , секако со поддршка на Центарот за односи со јавност и Студентскиот парламент при УГД Штип.

Кој бил првиот иницијатор за издавање на студенскиот весник ,,Студентско ехо" и кога излегол првиот број?

5. Одговор: Иницијатори за основање на Студентско списание е Проф. Сузана Џамтоска-Здравковска со генерацијата студенти 2011 година. Секако и јас бев вклучен во овој проект и давав свој придонес. Првиот број излезе во декември 2011 година и досега се објавени 22 броја. Иницијатори за излегување на студентски весник се студентите од првата и втората генерација од студиската програма на Новинарство и односи со јавноста на Правниот факултет. Секако овде голема заслуга има и проф. д-р Сузана Џамтоска-Здравковска која беше прв главен и одговорен уредник на Студентско Ехо и голем инспиратор на студентите. Да не заборавиме дека за развојот и опстојувањето на Студентско Ехо голема заслуга има и Центарот за односи со јавноста (ЦОЈ) на УГД кој е важен ресурс и логистика на студиската програма по Медиумски студии и односи со јавност за примена на теоријата во практика.

6. Б.Д – Називот на студентскиот весник е многу симболичен и инспиративен – звук што не запира и се шири во далечината како ,,ЕХО".

Кое било мотото за издавање на овој студентски весник, кога е прв пат издаден, колку пати годишно се издава и во каква форма ?

6. Проф.А.М- Весникот првпат излезе во печатена форма во 2011 година. Од 2017 година весникот се издава во електронска верзија. Името на весникот метафорично асоцира на звук кој непречено се движи и без проблеми ги минува сите препреки. Во називот се крие пораката дека сите медиуми и новинари имаат едно моќно оружје, а тоа е новинарот со својата слободна мисла і слободно изразување.

Основното мото на Студентско Ехо е: ''Инспиративни, креативни и храбри".

7. Б.Д- Дали „ Студентско ехо " како печатен медиум е споменат во вашата книга?

Одговор: Да, Студентско Ехо се спомнува во книгата. И тоа сосема заслужено. Тоа е медиум на студентите кои сами го создадоа и го одржуваат. Ние професорите помагаме да се одржи. Студентско Ехо опстојува веќе 12 години и досега се објавени 22 броја. Редакцијата ја сочинуваат сите студенти, а во одреден период студентите беа и уредници на медиумот. Со драстичното намалување на студентите на оваа програма уредничката позиција ја презедов јас, бидејќи интересот кај студентите да го уредуваат списанието спласна. Засега добро функционираме иако повремено се појавуваат проблеми од техничка природа кои бргу ги решаваме.

8. Б.Д- Дали имате финансиска поддршка за издавање на студентскиот весник и од кого?

Одговор: Печатењето на списанието Студентско Ехо порано финансиски го помагаше Универзитетското студентско собрание. Денес, трошоците се минимални, бидејќи излегува во дигитална форма. Засега поддршката е само за техничкото уредување на истото. Останатите активности се на доброволна основа и ентузијазам. Но, планираме списанието повторно да излегува во печатена форма.

9. Б.Д –Загрижува фактот што интересот за судиската програма на Правниот факултет - Медиумски студии и односи со јавност при УГД Штип е многу мал.

- Што е причината за тоа и како да се поттикнат младите и идните академски граѓани да сфатат дека новинарската професија е креативна професија, а не импровизација.Кои мерки треба да ги превземе државата, за медиумите и медиумските работници го добијат вистинското место кое што го заслужуваат во едно општество, затоа што новинарот е гласот на народот, а новинарството е мост меѓу власта и народот?

9. Одговор:-Има неколку причини. Една од најважните е статусот на професијата, која е во длабока криза. Новинарите се под постојан притисок, а нивните плати се ниски. Ваквиот статус на новинарите доведува до појава на автоцензура што е поопасна од цензурата. Новинарите се големо богатство за медиумите и општеството и затоа треба веднаш да се подобри нивниот економско-социјалниот статус. Ако тоа не се случи ќе дојде време кога редакциите ќе останат без новинари и медиумски работници (камермани, техничари.....)

10. Прашање: Вашата книга ,,Медиуми во Штип (и)сторија на подеми и падови " е историја за медиумите во Штип за период од осум децении, но и една прекрасна сторија за вас како личност и педагог кој што се обидел на Штип да му остави едно културно наследство за сите генерации. Мислам дека новинарите и медиумските работници се посебно горди на вас и на вашето дело.

- Кога ќе биде промоцијата на вашата книга и каде може да ја набават ?

Одговор: Промоцијата е ставена во Програмата на ШКЛ 2023 што е доказ дека таа, освен медиумска има и значајна културолошка димензија. Книгата може да се најде во НУ-УБ Гоце Делчев-Штип и Библиотеката на Правниот факултет при УГД-Штип. Имам информација дека книгата инспирирала дел од новинарската фела и публицистичката јавност во Македонија и дека наскоро ќе се пишува ваква книга и во другите градови каде медиумите имаат значајна историја и традиција.

11.Б.Д – Почитуван професоре, ми беше чест и задоволство што како студент имав можност да подготвам интервју со вас. Ви посакувам многу здравје и успех во вашата професионална кариера. Се надевам дека интересот за вашата книга ќе биде голем. Ви благодарам!

11. Проф.А.М – Благодарам

# Тиквешки гроздобер



Тиквешкиот регион е препознатлив по вековно одгледување на виновата лоза. Овој географски простор ги поседува сите природни и климатски карактеристики за негување на оваа култура. Низ историјата во Тиквешијата култот на одгледување на винова лоза создаде една посебна грана во земјоделското производство, а тоа е винарството. Во овој познат географски простор никнаа многу винарии кои денес претставуваат препознатлив туристички брендкои се магнет за љубителите на виното. Одгледувањето на винова лоза создаде една туристичко-стопанска манифестација која во јавноста е позната како Тиквешки гроздобер. Домаќин на манифестацијата е Кавадарци кој воедно е и средиште на географската област Тиквеш.



Тиквешкиот гроздобер е манифестација која се одржува уште од далечната 1964 година. Се одржува во градот на виновата лоза – Кавадарци. Тоа е традиција на градот на вино и ракија каде што производителите ги покажуваат своите прозводи пред многубројните домашни и странски туристи. Оваа манифестација трае три дена и се совпаѓа најчесто со денот на ослободувањето на Кавадарци – 7 Септември. Најголемо внимание кај публиката предизвикува карневалската поворка која го означува почетокот на гроздоберот, каде преку историскиот обичај, богот Бахус го откинува првиот грозд кој го означува стартот на бербата. Во рамките на уличната поворка дефилираат маскирани групи и поединци кои се облечени во разни традиционални одевни предмети . Кавадарци како град домаќин на манифестацијата искажува гостопримство на сите гости. Освен Карневалската поворка тука е и изложба на земјоделски производи и механизација, мото -трките, изложба на олдтајмери, а манифестацијата е збогатена со музика од познати музички имиња. Во рамките на манифестацијата се врши избор на крал и кралица на карневалот, се изложуваат разни производи и специјалитети кои се одлика на поднебјето а приготвени од вештите раце на домаќинките. Посебно внимание предизвикуваат специјалитетите како што се вкусниот маџун, слатко од грозје и секако убаво црвено вино, мастика и домашна ракија.

Во рамките на програмата, предвидена е посета на музеи на вино и храна во градот, во кои на туристите е прикажан традиционалниот начин на производтсво на вино и ракија. Традицијата на одгледување на винова лоза создаде услови за основање на многу винарии во регионот. Денес во Тиквешијата работат и функционираат над 50-тина винарии кои привлекуваат голем број туристи. Виновата лоза е длабоко вкоренета во животот на луѓето и поради тоа таа има митско значење за овој регион уште од антично време, а како докази многуте артефакти и мноштвото релјефи, мозаици и сл. кои денес се наоѓаат во музеите во Тиквешијата.

Оваа манифестација е ставена на туристичката мапа на Македонија и предизвикува голем интерес во нашата држава, но и кај туристите од соседните држави.







# ПОЛИГОН КРИВОЛАК – МОДЕРНА ВОЕНА БАЗА НА НАТО ВО МАКЕДОНИЈА

**НАТО / NORTH ATLANTIC TREATY ORGANISATION / - претставува северно атлантска безбедносна организација, која што е создадена на 4-ти април 1949 година, кога е потпишан северноатлантскиот договор со седиште во Брисел – Белгија. НАТО всушност претставува колективен безбедносен систем кој се остварува на колективен начин. НАТО е регионална безбедносна организација.**










На 27-ми март 2020 година Македонија стана членка на НАТО – АЛИЈАНСАТА.

Овој историски момент им припаѓа на сите граѓани на нашата земја.

Во ОН – Македонија е членка од 8-ми април 1993 година, врз основа на резолуцијата 817 на Советот за безбедност.

НАТО превзема оперативни регионални чекори и оперативни глобални чекори.

Тие на воениот полигон „ КРИВОЛАК “ во Македонија изградија нова, модерна воена база. Полигонот Криволак е ненаселен простор меѓу Велес, Штип и Неготино. Овој полигон бил најголем во СФРЈ уште од 1969 година. Зафаќа површина од 22 564 хектари, 22км во правец север-југ и 18 км во правец исток-запад.

Воениот полигон Криволак ги има сите поволни теренски услови: шумски предел, песочни ридови, реката Вардар за активности на вода, а во близина се наѓа и аеродромот.

Овие теренски услови се идеални за симулација на воени вежби на пешадијата, на оклопните и воздухопловните единици, како и на други видови вежби.

Воениот полигон Криволак и овозможува на армијата н на војниците да тренираат како во реални воени услови.

Позната е вежбата „ ОДЛУЧЕН УДАР 21 “ која што е дел од серијата на вежби„ЕВРОПСКИ БРАНИТЕЛ 21 “, спроведена во мај 2021 година.

Оваа вежба е пример како Македонија е подготвена да работи со САД, но и со другите НАТО сојузници, секако со меѓусебна почит и поддршка од Алијансата.

Од страна на армијата на САД И АРМ е подобрена инфраструктурата и капацитетот на полигонот.

Полигонот Криволак израсна во вистински регионален НАТО капацитет, кој што јас би го именувал како ФЕНИКС, затоа што птицата Феникс е симбол на: издржливост, мудрост, среќа добрина и искреност. Дава поддршка на професии кои што се во врска со војска и судство. Македонија е вечна, затоа што секогаш како птицата Феникс се издигнува од пепелта.

# " ПЕСНАТА Е МОЈОТ ЖИВОТ, ЖИВЕАМ ЗА НЕА И ПРЕКУ НЕА"

# НИКОЛА БАДЕВ



**Оваа се зборовите на нашиот доајен нашата легенда и гордост Никола Бадев.**
**Тој бил амбасадор на македонската изворна народна песна и иако од 1976 не е повеќе меѓу нас, неговата песна, неговиот златен, седефаст глас засекогаш ќе останат помеѓу нас – преку песната.**



Роден во н. Глишиќ -Кавадарци го краси питомост ,кроткост во ликот и дарба од Бога , дадена за песна и музика. Овде во родното Кавадарци , на парче земја каде што се оглeдува грозје ,широкиниви со тутун ,афион расте со музикални родители со многу серенади под сонцето , ора и свадби и така се оформува, уметникот во него.

Неговиот талент ,неговата дарба доаѓа до израз во 1948г.по аудицијата за млади таленти,Бадев дебитира на програмата на Радио Скопје ,каде што понатака низ неговиот живот има снимено над 500 песни со најразлични содржини и над 100 грамофонски плочи за дискографските куќи од поранешната СФРЈ, како и во многуте земји каде живеат македонските иселеници, Америка ,Австралија итн. Најпознатите меѓу нив се : Збогум мајко, јас отидов";"Ој Јано Јано ";" Тешка беше нашата разделба" и неговата омилена "Параходот ми пристигна" химната на Кавадарци и многу други. Снимил повеќе дуети со Васка Илиева, Александар Сариевски и други познати македонски пејачи. Многу од овие песни достигнале сребрен и златен тираж.Во текот на неговата кариера тој многупати ја обиколил Македонија со концерти и промоции,но и светот. Имал компонирано и свои песни ,но во тоа време не можело да има новокомпонирана песна ,така што и тие се претопиле во народните .

Со исклучителен сензибилитет тој ги испеа македонските песни , остави траги во многуте земји пеејќи за иселениците , пеејќи за љубовта, разделбата го имаше тој редок талент да развесели со песната , да заплачиш од песната, слушајќи го да му се восхитуваш на умешноста.
Никола Бадев е интерпретатор кој висока ја прослави нашата народна музика и остави трага во нашето македонско културно наследство. Горди сме на него , благодарни за неговото наследство за сите идни генерации.





БОЖИДАР ДОНЕВСКИ

# ДЕЛОТО НА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ





**Свети Климент Охридски бил словенски епископ, со дух напоен од бог, просветител, беседник и учител. Климент, доаѓа од латинскиот збор ,,clemente" што значи милосрдие. Се претпоставува дека е роден во период од 836 година, а умрел во 916 година во Охрид.**
**Се претпоставува, затоа што изворите молчат, а житијата немале за цел да ги изнесуваат личните моменти од животот на светителите.Многу поважни биле нивните дела, подвизи и жртви.**
**За животот на свети Климент може да се дознае повеќе од Климентовите житија. Тој уште од најмлади години со свои очи ги видел сите дела на неговиот учител свети Методиј.Поради таа блискост со него, најиздржана е тезата дека потекнува од Македонија, од струмичко-брегалничката област, каде што со словенското кнежество управувал свети Методиј, пред да замине во Мала Азија.**

Свети Климент и свети Наум биле замонашени во манастирот Олимп.
Свети Климент им помагал на своите духовни учители свети Кирил и Методиј во подготовките за мисијата во Моравија,како и за преводите на библиските и литературните текстови,каде што се стекнал со огромно знаење,кое ќе биде темел на неговото подоцнежно животно дело.
Свети Климент присуствувал на чинот кога свети Кирил, вдахновен од светиот дух, користејќи ги трите симболи: крстот, триаголникот и кругот ја создал старословенската азбука-глаголица.
По смртта на свети Кирил во 869 година, свети Климент и неговите собраќа, заедно со свети Методиј се вратиле во Моравија. Таму ја извршувале мисијата на свети Методиј, кој станал архиепископ, се до неговата смрт. Во оваа словенска земја, тие ги изодиле првите чекори на словенската богослужба и писменост, откако свети Кирил ја создал словенската азбука - ГЛАГОЛИЦА.
Потоа свети Климент охридски ја модифицирал и во чест на свети Кирил ја нарекол КИРИЛИЦА, која била пренесена во Преславската школа.
Но денови на прогон и маченичтво започнале по смртта на свети Методиј.Тоа бил период на големи искушенија. Останале без храна и облека, фрлени во затвори, преживувајќи ги сцените од житијата, но сепак оставиле докази како да се иструе во искушенијата.
Благодарение на претходниот период од својот





живот, под будното око и духовното раководство на своите учители,свети Климент достојно го продолжил нивното дело.
Тој проповедал и богослужба на разбирлив народен јазик и повторно ги поставил основите на словенската писменост.Седум години вршел црковно-просветна дејност, а ја основал и Охридската книжевна школа.Преку љубовта кон бога, тој заедно со своите собраќа,го продолжил делото на своите учители.
Во грчкото житие на свети Наум се вели : „ Свети Климент, еден од најблиските ученици на свети Кирил и Методиј,прв епископ на словенскиот јазик ги поставил темелите на едно велико дело, проповедајќи низ разни градови и краеви".
Преку дејноста на Охридската книжевна школа, со длабока љубов и почит кон делото на големите учители, го просветлувал народот кој бил паднат во мрак. На луѓето им го покажувал патот кон бога, патот кон спасението и вистината. Тој бил и музички поткован и образован.
Ја организирал црквата, а народот и учениците ги хранел со поуки.Тој едноставно бил татко на сиромасите. Со својата организација и дело му дал една нова, цврста форма на христијанското живеење. Го организирал монашкиот живот,кој што бил столб на православната црква, организирал градење на цркви и манастири, со впечатливи високо уметнички живописи, иконографија, фрескопис и мозаик.
Тој истовремено создавал и прекрасни дела, најпрвo на славјано-блгарски јазик. Но, откако неговите учители го поставиле темелот на глаголицата, почнал да пишува на славјански јазик, кој што подоцна се оформувал како литературен. Свети Климент Охридски бил автор на оригинални дела: поуки, слова, пофални слова, пофалби, канони и житија.




Посебно е впечатливо житието во кое неговото дело е опишано на следниот начин:„ Никогаш не го видовме да бездејствува... или се оддаваше на молитва, или се занимаваше со читање или со пишување на книги.
Негови непознати ученици, во негов спомен напишале: „ Имајќи на земјата ангелски живот, ТИ придоби чест рамна на ангелите- Помоли се , БЛАЖЕН , за своето стадо".
Свети Климент Охридски е еден од првите најистакнати, најнадарени и најплодни писатели.
Преку квалитетот на неговите творби , добиваме слика за неговото образование. Од неговите учители стекнал мудрост која се обидувал несебично да ја пренесува на сите генерации.Јас му се восхитувам на делото на свети Климент Охридски и од името на мојата генерација длабоко му се поклонувам.
По неговата смрт , Охридската книжевна школа го задржува доминантното место во развојот на словенската писменост. Неговото дело се продолжува и по нашите манастири , посебно преку херувимската песна,,Вознесение христово".
Свети Климент Охридски е просветител од општословенско значење.
Денес , своите знаења,чувства, мисли, ставови и сфаќања ги изразуваме на нашиот убав македонски стандарден јазик,кој што е израз на нашиот македонски идентитет.



**БОЖИДАР ДОНЕВСКИ**

# МУЗЕЈСКА ТИШИНА ВО ТИВКИОТ ГРАД МДИНА



**Топлите сончеви зраци го најавуваат почетокот на летната туристичка сезона.
Размислувате каде да го поминете вашиот годишен одмор
Мој предлог е Малта и градот во кој доминира вистинска музејска тишина- Мдина.
Малта е медитеранска земја со атрактивни комбинации на стилови од минатото. За време на мојот престој во Малта бев воодушевен од тивкиот град, градот на тишината, Мдина. Додека се движев помеѓу камените лавиринти, чувствував како да патувам низ времето.**

Овој град е постар од главниот град Валета, а во средниот век бил и самиот главен град. Значи Мдина е прва престолнина на Малта, сместен на геостратешки значајно место, на еден рид во централниот дел на островот. За да се влезе во градот треба да се помине преку мост од долината која што го опкружува целиот комплекс. Ако мостот го поминете во прекрасна кочија со грациозен коњ и гостопримлива насмевка на кочијашот, ви се појавува чувство како да сте актер во некој филм. Во овој град се снимале делови од првата сезона на „ Game of thrones “, кој што потоа бил заменет со Дубровник во втората сезона.

Градот го изградиле Феничаните, а го освоиле Норманите, Арапите и витезите. Постои верување дека тука живеел и свети апостол Павле, по преживеаниот бродолом. Потоа го освоиле Французите и Британците. Карактеристични се британските црвени телефонски говорници и возењето по левата страна на патот. Арапското влијание се чувствува по малтешкиот јазик. Зборот „медина“ на арапски значи „ град“. Оваа популарна туристичка дестинација се протега на површина од еден километар квадратен простор.
Ѕидините на градот Мдина датираат од 1090 година. На главниот плоштад се наоѓа барокната катедрала и катакомбите – St. Paul, како и подземни римски гробишта кои што се користеле се до четвртиот век. Во близина на Мдина се наоѓа црквата со една од најголемите куполи во светот, црквата Моста.

Мешавината од средновековната и барокна архитектура, црквите и духот на градот едноставно ве оставаат без здив. Величенствените градби се доказ дека овој град бил град на благородниците „ Citta Notabile “. Во Мдина живеат потомци на познати витези од Малта, дваесет и осум аристократски семејства кои што го поседуваат целиот град. Порано, животот во Мдина значел живот далеку од морето, далеку од пиратите, далеку од кражби, силувања и смрт. Денес, со развојот на туризмот, кога плажите и пристаништата значат пари, Мдина е напуштена. Но, за туристите претставува атрактивна туристичка дестинација, затоа што е слика која што кажува илјада зборови.

Во периодот кога бил главен град имал околу 10 000 жители. Откако престанал да биде главен град – ЗАМОЛКНАЛ. Денес има околу 250 жители и е наречен „ ГРАД НА ТИШИНАТА“ или „ТИВОК ГРАД“. За туристите има табли кои што предупредуваат дека е ЗАБРАНЕТО да се прави врева.Во Мдина нема места за собирање на голем број на луѓе, нема големи продавници и дискотеки. Во таа исконска тишина се слушаат само нашите чекори по распосланата калдрма на тротоарите и малите плоштади. Во овој град се живее во сегашноста, а се продолжува во минатото.

Навечер, портокаловата светлина на старите улични светилки и раскошниот сјај на звездите, го прават овој град на тишината волшебен и романтичен.
Ако сакате мир и спокојство, топло ви го препорачувам „ ТИВКИОТ ГРАД “ Мдина.

# ШТРКОТ КАКО ТЕМА

**Познато е дека штркот е омилена птица кај луѓето. Тој во народот е познат како птица која донесува радост и благодет во семејствата со донесување на новороденчиња. Поради неговата убавина и блискоста со човекот, штркот е инспиративна тема на многу новинари, поети, писатели, уметници. Во овој текст даваме три кратки стории за штрковите и нивната поврзаност со човекот.**





Деновиве се случи настан кој го привлече вниманието на пошироката јавност во земјата. На фејсбук се појави снимка на изнемоштен и дезиорентиран штрк во Гевгелија кој талка по улиците. Претходно се појави и втора снимка од друг штрк кај граничниот премин Богородица. Двата случаја предизвикаа голем интерес кај граѓаните во Гевгелија, но и пошироко. Птиците станаа своевидна атракција за минувачите и патниците кои ги снимаа и фотографираа. На пример штркот кај граничниот премин Богородица 3-4 дена беше атракција за туристите кои излегуваа од своите возила да го снимаат и нахранат.
Снимката предизвика огромен интерес во јавноста која за три дена е видена од околу 165 илјади граѓани на која се дадени стотина коментари. Во коментарите преовладуваа содржини од кои се приметува загриженост за здравјето на птицата, но и иницијативи за нивно лекување и згрижување од ветеринар.

Коментарите ги анимираа и мобилизираа љубителите на птиците и стручните лица. Во меѓувреме стручни лица од Гевгелија ги згрижија двата штрка кои зимата ќе ја поминат на сигурно место.

На територијата на Република Северна Македонија има голем број на штркови кои летниот период го минуваат кај нас. Секако најпозната општина е Општината Чешиново-Облешево која во 2013 година ја доби престижната титула “Европско село на штркови” со што се верифицира членството на општината во “Мрежата на Европските села на штркот”. Со тоа, општината е мапирана како место со голем број на штркови во која има над 100 активни гнезда. Карактеристично за општината е тоа што оваа птица има најголема густина на населеност во државата со 123 активни парови на 100 квадратни километри, или повеќе од два штрка ма км2. Општината е позната и по тоа што во неа пристигнуваат туристи од Скопје, Велес и Битола да ги гледаат штрковите.

И општина Штип може да се пофали со гнезда на штркови. Еден пар на овој вид птици направиле гнездо на еден електричен столб висок 20 метри и веќе 15 години живеат и одгледуваат млади штрчиња. Гнездото се наоѓа покрај магистралниот пат Штип-Кочани кај населбата Балканска во близина на поранешниот ТК ‘’Македонка”.
‘’Ова гнездо предизвикува голем интерес кај минувачите и патниците кои застануваат и го снимаат овој интересен момент. Ова гнездо е атракција и за него се грижат активисти за заштита на птиците, кои редовно доаѓаат и го следат развојот на младите во гнездото”, ни изјави еден минувач кој ни се претстави како Павле Тасев од населбата Македонка..

# БРЕНДИРАЊЕ НА ГРАДОВИТЕ: СЛУЧАЈ БАРСЕЛОНА





Во почетокот од XXI век група на интелектуалци од Европа ја отворија темата за маркетинг и брендирање на градовите. Станува збор за користење на развиени маркетинг техники и техники на брендирање во креирање на „изгледот" – „имиџот" на градовите и регионите на меѓународниот пазар на територијалните единици (градовите, регионите).
Според Клифтон (Clifton) и Симонс (Simmons) зборот бренд доаѓа од старонорвешкиот збор „brandr" која се преведува како: гори. Првенствено овој старонорвешки збор се однесувало на жигосување (одбележување) на стадата со помош на вжарени предмети – знакови во раните зачетоци на човештвото. Овој збор, подоцна преминал во англосаксонските јазици и го добива денешното значење кога американските сточари почнале да ја одбележуваат својата стока со жигосување, со цел да ја означат својата сопственост.
Брендирањето претставува средство за издвојување на производот на еден производител од производот на другиот производител. Брендирањето се заснова на создавање разлика меѓу производите, квалитетот на животот, географските предности.....
Барселона е главен административен и економски центар на Регионот Каталонија со 1.6 милиони жители (2018). Овој град е на самиот светски врв во посетеност од туристите. Неколку пати е рангиран во првите 20 светски градови по туристичка посетеност. Градските власти вложија многу средства и знаење да го брендираат градот како препознатлива дестинација, која привлекува голем број туристи од целиот свет. Несомнено врз развојот на Барселона голема улога одиграа Олимписките игри кои во целост го возобновија градот.
Регионот Каталонија има 7.5 милиони жители кој учествува со 20% од БДП на Шпанија.

Забрзана урбаната трансформација на градот дадоа ЛОИ кои се одржаа во 1992 г.
Приказната на брендот Барселона започна со донесување на Локална стратегија за урбана регенерација на градот. Голем придонес имаат градоначалниците: Паскал Маргаљ и Хуан Клос.
Барселона е со големо богатство на брендот како туристичка и културна дестинација.
Туристичкиот бренд Барселона во 2010 година беше рангирана во топ 5 најефективни градови според странски туристи;
Според European Cities Monitor во 2010 година, Барселона го заседе петото место на листата – „Најдобри градови за лоцирање на бизнисот во Европа".
Во 2011 г., Барселона беше рангирана на 3-то место за конгресен туризам (150 конгреси)
Според анализа на Mastercard Global Destination Cities Index, во 2017, Барселона била во Топ 20 најбарани дестинации во светот поточно на 18 место со 9.06 милиони туристи
Барселона изгради концепт на брендирање базиран на локалниот уметник-дизајнер Антонио Гауди. Нераскинлив дел од имиџот на ФК Барселона се ФК и стадионот Камп Ноу.
Како заклучок се наметнува за развој на градскиот туризам потребно е секој град да изгради сопствен бренд кој ќе биде препознатлив по квалитетот на животот, услугите и добрата што ги нуди во однос на другите градови и ќе го прави попривлечен за туристите од другите градови.
Позитивен пример на град-бренд е градот Барселона која стана поголем бренд и поголем туристички град од главниот град на Шпанија-Мадрид. Поради ова, помеѓу Барселона и Мадрид се создаде ривалство не само на спортски план, туку и на архитектонско-урбанистички, културен, сообраќаен план.



# ИСАРОТ - УБАВА ТУРИСТИЧКА ПРИКАЗНА

**Исарот е многу важен археолошки локалитет во Штип. Се наоѓа на западниот дел на градот, каде вертикално се издига ридот Исар, висок 150 метри. Опкружен е со стрмни падини, на западната страна на коритото на Брегалница, а на јужната со коритото на Отиња.**



На просторот кадешто е распространет локалитетот се наоѓаат бројни знаменитости и објекти од верски карактер кои му даваат особен белег на локалитетот. Кога од далеку ќе го впериме погледот кон Исарот ќе ги забележиме само руинираните ѕидови на средновековната тврдина. Кога ќе се качиме повисоко и ќе прошетаме по неговите стрмнини и патеки ќе забележиме повеќе интересни знаменитости, кои туризмолозите го нарекуваат туристички потенцијали. Кога еден патник ќе влезе во градот веднаш го забележува Исарот кој нагло се издигнува како бедем над градот. Ридот Исар е препознатлив локалитет и заштитен знак на градот. Колку е значаен овој рид за градот може да се види и преку симболите на општината. Исарот се наоѓа на грбот на градот како негов симбол. Овој локалитет има археолошко и историско значење. Многу патеписни и новинарски извештаи Штип го опишуваат како градот под Исарот. Познатиот патеписец Евлија Челебија (1611-1682) кога пристигнал во Штип во 1661 година го воочил и опишал Исарот. Тој, ридот го опишува како "височина која нагло се издигнува над градот". Од птичја перспектива основата на ридот наликува на прстен кои го формирале реките Брегалница и Отиња. Двете реки ги отцртуваат границите на неговото подножје. Исарот испишува, но, и љубоморно ја чува историјата на градот. На неговите височини се кроеле планови за одбрана на градот. Се биеле и многу битки да го освојат. На неговите падини се забележуваат многу ископини и фортификациски објекти што укажува на неговото историско минато и значење.
Во текстот, нема да се задржиме на неговото историско значење, туку Исарот ќе го претставиме како локалитет кој поседува огромен туристички потенцијал. Ридот е одлично панорамско место од каде градот се гледа како на дланка. Туристите имаат убава и ретка можност да се искачат на Исарот и да ги допрат и видат хоризонтите и убавините на Штип.
Исарот има големи туристички можности, пред се од антрополошка природа. Неговите антрополошки потенцијали се видливи и препознатливи преку многуте цркви кој се наоѓаат на неговите стрмнини. Најзначајни објекти кои гравитираат на просторот на Исарот се црквите: Св. Архангел Михаил, Св. Јован, Св. Спас...Св. Власиј (која е во фаза на обновување).



Св. Архангел Михаил на Исарот во Штип

Освен по многубројните цркви, Исарот е познат и по уникатниот народен обичај ЧЕТРСЕ, кој, во 2013 година е ставен на Листата на нематеријалното културно богатство на УНЕСКО. Станува збор за уникатен народен обичај кој се практикува на верскиот празник "Свети 40 маченици" на 22 март.



Прослава на празникот Четрсе во 1926 година

Со својата местоположба, Црквата "Св. Богородица" во Ново Село му дава посебно значење на Исарот. Црква која е реновирана во 1850 година е позната по скривницата и револуционерната дејност на Гоце Делчев и уметничката галерија и поради тоа таа често е посетувана од туристи од земјата и странство.
Црква "Света Богородица" во Ново Село



На јужната страна од подножјето од Исарот, покрај коритото на реката Отиња е лоцирана Црквата "Св. Никола", која е завршена и осветена во 1867 година. Оваа црква е катедрална црква на Брегалничката епархија на МПЦ. Од пред повеќе од една деценија верскиот празник "Св. Никол", а кој се одбележува на 19 декември се слави како патронат на градот и овој настан привлекува многу туристи од земјата. Во 1990 година, катот од црквата е претворен во постојана "Галерија на икони", во која е сместена богат фонд на икони, сакрални предмети, стари печатени црковни книги, одежди и др. Црквата освен за верски потреби се посетува од туристите и поради галеријата на икони.



Црквата Свети Никола во Штип

Во поново време на приказната се надоврзува и пешачката патека покрај р. Брегалница, како и црквата "Св. Власиј" од која има остатоци од темели и е во фаза на обнова. Црквата "Свети Власиј" се наоѓа западната страна од подножјето на Исарот и е во фаза на обнова. И покрај тоа, овој објект е многу посетуван од туристи и граѓани на Штип и регионот.



Темелите на црквата Свети Власиј која е во обнова

Легендата за шатките и тунелот кој води до врвот му даваат посебно место на Исарот.
Од природните потенцијали овде спаѓа клисурата на Брегалница која на целата оваа приказна му дава додадена вредност на Исарот и го сместува во категоријата на привлечни места за туристите.





Споменикот на Револуцијата, е изграден во 1975 година, исто така, се наоѓа на падините на Исарот. Овој Меморијален комплекс е дело на познатиот архитект Богдан Богданович, кое, освен историска димензија има и архитектонско-скулптурно значење и поради тоа е значаен туристички потенцијал на Исарот.

Во туристичката приказна за Исарот можат да се вклучат и Заводот музеј во Штип и Спомен обележјето на Евреите од Штип, пред се поради близината на Исарот.



Завод музеј во Штип



Споменик на Депортираните Евреи

Нераскинлив дел од тиристичката приказна на Исарот е и Ново Село. Интересниот архитектонски амбиент на Ново Село кој е препознатлив по старите и автентични куќи во старомакедонски стил, заедно со Црквата Света Богородица и Ректоратот на Универзитетот Гоце Делчев треба да бидат вткаени во една спакувана приказна.
Што треба да се направи за да заживее приказната за Исарот?
Постојат разни размислувања на оваа тема. Во продолжение ќе ги издвоиме реално остварливите идеи и размислувања.
Одиме по ред.
Кај вливот на Отиња во Брегалница, од десната страна по течението се наоѓа интересен и шумовит предел каде може да се изгради пешачка зона со парк и мост кој ќе ги поврзе двете страни од реката Брегалница и да се формира рекреативна пешачка зона која ќе биде магнет за туристите, но и за штипјани. Овој простор преку пешачка патека да се поврзе со Лџите и бањата Кежовица и сето тоа да може да се вклопи во убавата приказна на Исарот.
Да се основа манифестација "Штип на вода", која ќе се одржува неколку дена пред 27.03.-кога е основан УГД и тој ден да има спуст/трки или смотра на разни пловила низводно по течението на реката. Како еден од организаторите на оваа манифестација да биде и УГД-Штип.
Потеребен е да се израдботи Проект за ревитализација на тврдината на Исарот со осветлување, пристап и ревитализација на руинираните зидови со кој ќе се аплицира за финансиски средства од Европските развојни фондови.
Да се изгради мал амфитеатар близу црквата "Св. Власиј" поради пристапноста на теренот каде во летниот период ќе се одржуваат театарски претстави, концерти и културни настани. Исто така, треба да се размисли и за отворање на угостителски објекти покрај пешачката патека, како и продажен простор на разни предмети кои ќе ги истакнуваат туристичките вредности на градот и Исарот.
Слаба страна на оваа туристичка приказна за Исарот е немањето на сертифицирани туристички водичи. Затоа надлежните институции треба да ги поттикне завршените студенти по туристички науки да полагаат испит за туристички водичи кои ќе знаат на убав и привлечен начин да ја раскажуваат приказната за Исарот и Штип.
Заклучокот сам по себе се наметнува, а тоа е дека на многу мал простор, кој може да се препешачи може да се спакува-креира прекрасна туристичка приказна која ќе ги плени домашните и странските туристи со разноликоста на понудата.



УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

ШТИП